Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка
и постапка од работен однос во втор степен

13.12, 2023 година

Архивски број: 0102-1003/1

Врз основа на член 2 и член 5 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16 и 11/18), член 8 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со бр. 0101 - 827 од 12.05.2014 година, бр. 0101 - 2027 од 01.12.2014 година, бр. 0101 - 118 од 17.01.2019 година, бр. 0101 - 118/2 од 17.10.2019 година и бр. 0101 - 453/1 од 26.03.2020 година, а во врска со точка 45 од Изводокот од Нацрт – записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 28 јуни 2022 година а во однос на Годишниот план за проценка на ризици од корупција, согласно извештајот за усогласеност на ГРЕКО (петти круг на евалуација) - Препорака II, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА ВО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

1. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (понатаму: „Државна комисија"), согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола **определува лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција.**

2. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, согласно Законот за заштита на укажувачи **овластува лице за прием на пријави од укажувачи.**

3. Сите вработени лица во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка и постапка од работен однос во втор степен, **даваат своерачно потпишана Изјава дека надвор од институцијата нема да даваат информации во врска со предметите по кои постапува Државната комисија**, а кои се однесуваат на текот и исходот од постапката, ниту пак даваат информациии за

предметите на вработени во други сектори од Државната комисија, а кои тие не се директно вклучени во процестот на постапување по истите.

4. Во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен при постапувањето во **јавните набавки** се применува Законот за јавните набавки и подзаконските акти од овој закон. Со цел зајакнување на контролата на јавните набавки во Државната комисија донесе **Упатството за спроведување на постапки за набавки** со број 0502 - 737 од 21.06.2018 година и број 0502 – 318/1 од 11.03.2021 година, **со јасна и прецизна поделба на должностите на организационите единици и вработените лица во овој процес.**

5. Во своето работење во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос, целосно се почитува **Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**, Законот за општата управна постапка, Законот за заштита на личните податоци и сите материјални закони во кои е пропишана надлежноста на Државната комисија, како и почитување на **Кодексот за административни службеници** од страна на сите вработени.

6. Согласно член 8-а став (1) од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, **овластени административни службеници ја водат постапката по жалба**.

7. Во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен при постапување на предметите постои јасна и презицна **поделба на должностите** на лица кои ја водата постапка по жалба и лица овластени за контрола на изготвените нацрт акти, кои истите ги доставуваат до членот/членовите на Државната комисија кој/и ја покрива/аат определената област на која се однесува предметот.

8. Целосно почитување на **Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија** за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со број 0101 - 827 од 12.05.2014 година, број 0101 - 2027 од 01.12.2014 година, број 0101 - 118 од 17.01.2019 година, број 0101 - 118/2 од

17.10.2019 година и број 0101-453/1 од 26.03.2020 година, **Упатството за начинот на организирање на распределбата и постапката на изготвувањет нацрт решенија кои се предмет на одлучување на Државната комисија** со број 0201 – 1961 од 26.11.2014 година, како и други интерни акти донесени од Државната комисија.

9. Работите и задачите што се вршат во Државната комисија се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување, со **континуирано вложување на сите ресурси и капацитети во нивното остварување.**

10. **Законитост, ефикасност, ефективност, отчетност и рационализација** во постапувањето од страна на сите вработени лица во Државната комисија, со цел зајакнување на капацитетот на институцијата и интегритетот на вработените лица во оваа институција.

11. Државната комисија ја поддржува и се залага за зајакнување на **меѓуинституционалната соработка и соработка во борбата против корупцијата** со сите институции во системот, **со давање на напори за нејзино целосно сузбивање.**

12. **Се охрабруваат сите лица и органи навремено да ги пријавуваат** пред надлежните институции во системот, **сите корумптивни дејствија доколку се соочат со истите**, а во врска со работењето на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однсо во втор степен.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**


Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk